Место за растење:
Општини посветени
на децата

# Прирачник за конституирање и функционирање на општинските панели за детски права



Скопје, мај 2024



# Прирачник за конституирање и функционирање на општинските панели за детски права

Место за растење:
Општини посветени на децата

КМОП
СКОПЈЕ

## Подготви

Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија

## Дизајн

Центар за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје

## Партнери

Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија

Центар за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје

Скопје, мај 2024

Финансирано од Европска Унија

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на партнерските организации и не нужно ги одразува ставовите и мислењата на Европската Унија.

## Содржина

ВОВЕД ....8
ЧЕТИРИТЕ ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ....10
ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ „МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ – ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА“....13
ВОВЕД ВО ГРАДОВИ/ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА....14
ЧЕКОРИ КОН УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНОТО СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ДЕТСКИТЕ ПРАВА....16
ОПШТИНСКИ ПАНЕЛИ И ДЕТСКО УЧЕСТВО....17
УЛОГА И ОБВРСКИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПАНЕЛИ ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И ДЕТСКОТО УЧЕСТВО....18
МАПИРАЊЕ ИЛИ ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПАНЕЛИТЕ ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И ДЕТСКОТО УЧЕСТВО....19
КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПАНЕЛИТЕ....20
УЛОГАТА НА ПАНЕЛИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ ЗА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ....21
АНЕКСИ....24
ЛИТЕРАТУРА....25
РЕФЕРЕНЦИИ....29

## Кратенки, акроними, значења:

| | |
|---|---|
| **CFCI** | (Child Friendly Cities Iniciative): Градови посветени на децата |
| **Дете** | Лице на возраст до 18 години |
| **Заедница** | Населено место со помала големина, население или важност од град |
| **КПД** | Конвенција за правата на детето |
| **Меѓаши** | Прва детска амбасада во светот – Република Македонија |
| **КМОП Скопје** | Центар за семејно и детско згрижување |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ООН** | Организација на Обединетите нации |
| **УНИЦЕФ** | Детски фонд на Обединетите нации United Nations Children's Fund (UNICEF) |

# ВОВЕД

Не случајно се вели дека човековите права започнуваат со правата на детето. Остварувањето на правата на детето е клучната стартна точка од која треба да се тргне при реализацијата на било која политика на ниво на власт, извршна, законодавна, национална или локална, градска, општинска...Овој прирачник претставува една од алатките што треба да обезбеди поддршка при спроведувањето на проектот „Место за растење – Општини посветени на децата“. Станува збор за триесет месечен проект спроведуван од Првата детска амбасада во светот Меѓаши и Центарот за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје, почнувајќи од февруари 2023 година до јули 2025 година. Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во рамки на локалните шеми за поддршка на граѓанското општество на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (2021 EIDHR Supporting a civil society through Country-Based Support Schemes in North Macedonia).

Од обврските прифатени од страна на земјата со ратификацијата на Конвенцијата како и согласно домашното законодавство и законите кои се однесуваат стриктно на локалната самоуправа (Закон за локална самоуправа, Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа, Закон за меѓуопштинска соработка), произлегува и обврската секоја општина во земјата да обезбедува услови за унапредување, остварување и заштита на правата на детето.

Согласно децентрализацијата, општините имаат суштинска улога во социјалниот развој и другите прашања поврзани со добросостојбата на децата во општините и се одговорни да обезбедат поволни услови за почитување, унапредување и заштита на правата на децата. Целта на овој прирачник е да обезбеди основни информации за општините, да претставува еден вид патоказ, особено за општинските панели формирани во рамките на овој проект, во нивните заложби општините да станат високо посветени кон децата и нивните потреби односно да станат (child friendly cities) пријателски кон децата и нивните потреби.

Овој прирачник е подготвен согласно заклучоците од Извештајот од анализата на потребите од обука подготвен 2023 година, со кој теренското истражување овозможи идентификување на повеќе релевантни области во кои постои потреба од подобрување на знаењата и вештините на претставниците на локалните власти и професионалците од воспитно-образовните институции во општините кои учествуваат во проектот. Покрај постојните разлики во нивото на запознаеност за детски права, алатките за поттикнување на детското учество, концептот на градови посветени на децата и вклучување на децата и младите во политиките на локално ниво, помеѓу учесниците во истражувањето постоеше консензус за корисноста од дополнително надградување на овие теми. Анализата посочи и дека генерално претставниците на општините имале помалку можности за градење на нивните капацитети во овие области, во споредба со воспитно-образовниот кадар. Учесниците ја истакнаа потребата од градење на нивните вештини за иновативни програми и пристапи кои директно ќе одговорат на потребите на децата и ќе влијаат на нивната добросостојба. Унапредувањето на знаењата во справувањето со врсничкото насилство, воспоставувањето ефикасна комуникација со родителите и поттикнувањето на социо-емоционален развој на децата од најмала возраст беа особена сфера на интерес.

Потребата од меѓусекторско вмрежување и соработка помеѓу професионалнците кои работат со деца беше нагласена. Во однос на детското учество на локално ниво, може да се заклучи дека постојат одредени формални механизми (пр., ученички заедници, младински совети и сл.), како и други практики за консултирање на децата и нивно вклучување во донесување одлуки (пр., преку спроведување анкети помеѓу учениците), но истите ги опфаќаат повозрасните групи деца и млади. Сепак, независно од возрасните групи со кои работи, воспитно-образовниот кадар ја сподели неопходноста од градење на капацитетите во насока на надминување на предизвиците во процесите на детско учество и запознавање со нови пристапи кои ќе им влијаат мотивирачки на децата. Деск-анализата овозможи идентификување на клучни ресурси на теми поврзани со правата на децата, спроведување истражувања и консултации со деца, детско учество и локално планирање за деца, достапни на македонски и англиски јазик. Истите можат да бидат соодветно прилагодени и корисни во фазата на дизајнирање на плановите за обуки на претставниците на локалната самоуправа и воспитно-образовниот кадар

Прирачникот се надоврзува на претходните искуства на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ и партнерската организација КМОП Скопје во областа на детските права како и на меѓународните документи и искуства во оваа област. Во таа насока треба да се зема предвид и Конвенцијата за правата на детето (КПД) како меѓународен договор за човекови права што ги дефинира граѓанските, политичките, економските, социјалните, здравствените и културните права на детето. КПД беше усвоена од Генералното собрание на ООН на 20.11.1989, стапи на сила на 2.9.1990 а Македонија ја ратификува во 1993 година. Конвенцијата генерално го дефинира детето како: секое човечко суштество кое не навршило осумнаесет години од животот, освен ако врз основа на законот на одредена земја полнолетството не се стекнува порано. Нациите коишто ја ратификуваа оваа Конвенција се обврзани кон неа со меѓународното право. Комитетот за правата на детето при Обединетите нации којшто го сочинуваат членови од земјите низ светот надгледува дали Конвенцијата се почитува.

Она што го сметаме за посебно важно е дека децата и младите беа активно вклучени во подготовката и спроведувањето на онлајн-истражување од децата за децата, како и во подготовката на посебен Детски алтернативен извештај за состојбата со правата на детето.

# ЧЕТИРИТЕ ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Во својата работа, општините треба да ги следат 4 основни принципи на Конвенцијата за правата на детето кои исто така, се појавуваат и како одделни членови во Конвенцијата. Тоа се следните принципи и членови:

**Забрана на дискриминација - сите органи и поединци законски се обврзани да го почитуваат начелото на недискриминација, а не почитувањето на истото треба да се санкционира.**

Член 2

1. Државите членки на оваа Конвенција ги почитуваат и обезбедуваат правата содржани во Конвенцијата на секое дете под нивна јурисдикција, без никаква дискриминација и без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста, раѓањето или друг статус на детето или на неговиот родител или законит старател.

2. Државите членки ги преземаат сите потребни мерки за да се обезбеди заштита на детето од сите форми на дискриминација или казна засновани врз статусот, активностите, изразеното мислење или убедување на родителите, на законитите старатели или на членови на семејството на детето.

**Најдобар интерес на детето - интересот на детето има примарно значење и апсолутен приоритет при креирањето на политиките, при донесување конкретни одлуки и при преземање мерки и активности што се однесуваат на децата.**

Член 3

1. Во сите активности што се однесуваат на децата од примарно значење се интересите на детето, без оглед на тоа дали ги спроведуваат јавни или приватни институции за социјална заштита, судови, административни органи или законодавни тела.

2. Државите членки се обврзуваат на детето да му обезбедат таква заштита и грижа што е неопходна за неговата добросостојба, земајќи ги предвид правата и обврските на неговите родители, законитите старатели или други поединци кои се правно одговорни за детето и ги преземаат за таа цел сите потребни законодавни и административни мерки.

3. Државите членки се грижат институциите, службите и установите кои се од говорни за грижа или заштита на децата да бидат во согласност со стандардите што ги утврдиле надлежните органи, посебно во областа на сигурноста, здравјето, бројот и подобноста на персоналот, како и стручниот надзор.

**Партиципација на децата – да се слушне мислењето на децата и тоа да биде сериозно земено предвид во донесувањето на одлуките и спроведувањето на активностите што се однесуваат на децата**

Член 13

1. Детето има право на слобода на изразување која опфаќа и слобода да бара, да прима и да дава информации и идеи од сите видови, без оглед на границите, било усно или писмено или преку печат, по пат на уметноста или некој друг медиум, по избор на детето.

2. Остварувањето на ова право може да подлежи на извесни ограничувања, но само на оние што се определени со закон и што се неопходни: (а) заради почитување на правата или угледот на други; или (б) заради заштита на националната безедност или јавниот ред (order public) или јавното здравје или моралот.

Член 12

1. Државите членки му обезбедуваат на детето кое е способно да формира свое сопствено мислење право на слободно изразување на тоа мислење за сите прашања што се однесуваат на детето, со тоа што на мислењето на детето му се посветува должното внимание во согласност со годините на возраста и зрелоста на детето.

2. За таа цел, на детето посебно му се дава прилика да биде сослушано во сите судски и административни постапки што се однесуваат на него, било непосредно или преку застапник или соодветен орган, на начин кој што е во согласност со процедуралните правила на националниот закон.

**Опстанок и развој – принцип којшто подразбира обединување на трите претходно спомнати принципи, во функција на остварување на опстанокот и развојот на детето како нешто многу повеќе од просто гарантирање на право на живот и преживување. Според Конвенцијата, опстанокот и развојот треба да бидат овозможени "...до највисок можен степен...".**

Член 6

1. Државите членки признаваат дека секое дете има вродено право на живот.

2. Државите членки го обезбедуваат во најголема можна мера опстанокот и развојот на детето.

**ЗНАЧЕЊЕТО НА ЧЕТИРИТЕ ПРИНЦИПИ ЗА ОПШТИНИТЕ**

Овие четири принципи подразбираат не само почитување на истите од страна на локалната самоуправа тука и нивна примена, со што ќе се овозможи детето да се третира како субјект и носител на права.

Општината која е посветена на децата обезбедува соодветен пристап до сите информации кои се важни за децата и нивната благосостојба. Таквата општина овозможува децата да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања кои се важни за нивниот развој и создава можности да го изразуваат своето мислење. Токму поради тоа, општините кои се посветени на децата го поттикнуваат детското здружување, мирните собирања, различните форми на детско - младинските организирања како и сите други акти и активности.

Општината која е посветена на децата го овозможува правото на живот на секое дете како и развојот на неговата личност, создава услови за практикување на сите права од страна на сите деца, го заштитува детето кое е изложено на било кој облик на дискриминација или насилство овозможувајќи соодветни механизми за заштита.

Општината која е посветена на децата ги поставува интересите на децата на врвот од општинските политики во споредба со сите останати интереси во рамките на надлежностите на општината.



## ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ ,,МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ – ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА“

Општата цел на проектот „Место за растење: општини посветени на децата“ е да се зајакнат заложбите на локалните власти за унапредување на правата на децата и учеството на децата во локалното планирање, во пет општини во Македонија: Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода.

Општата цел на проектот ќе се постигне преку следните конкретни потцели:

- Зајакнување на капацитетите на претставниците на локалната самоуправа за препознавање и почитување на правата на децата, препознавање на важноста на учеството на децата во одлучувањето и сеопфатното локално планирање за децата;

- Зајакнување на знаењата и вештините на воспитно-образовниот кадар од предучилишното образование и грижа, од основното и од средното образование за планирање и спроведување консултации со децата за прашања од локално значење;

- Поддршка на пет општини во развојот и операционализацијата на локални стратегии за правата на децата преку партиципативни процеси, засновани на најдобрите практики во ЕУ;

- Воведување алатки за ефективно следење на правата на децата на локално ниво;

- Подигнување на свеста за правата на децата и важноста на локалното планирање за унапредување на состојбата со правата на децата.

Активностите на Проектот се организирани во четири логички целини, наречени „работни пакети“, накусо опишано во прилог:

*Работен пакет 1: Јакнење на капацитетите*
*Работен пакет 2: Унапредување на локалното стратешко планирање за детските права*
*Работен пакет 3: Воведување алатка за мониторирање на состојбата со детските права*
*Работен пакет 4: Подигнување на свеста, дисеминација и искористување на резултатите од проектот пошироко.*

# ВОВЕД ВО ГРАДОВИ/ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА

Кога станува збор за проектот Место за растење – општини посветени на децата, се наметнува неопходноста од појаснување на Иницијативата за градови пријатели на децата (The Child Friendly Cities Initiative (CFCI) која беше лансирана во 1996 година со цел да одговори на предизвиците за остварување на правата на децата во сè повеќе урбанизираниот и децентрализиран свет. Иницијативата работи со здружување на локалните заинтересирани страни и УНИЦЕФ за создавање безбедни, инклузивни и градови и заедници кои се одговорни кон потребите на децата. „Град пријателски за деца" е град, заедница или кој било систем на локална власт посветена на исполнување на детските права како што се артикулирани во Конвенцијата за правата на детето. Тоа е град или заедница каде што гласовите, потребите, приоритетите и правата на децата се составен дел на јавните политики, програми и одлуки.

Како што се истакнува во прирачникот на УНИЦЕФ – "Градови и заедници пријатели на децата" важноста на градовите и заедниците во креирањето политики кои директно влијаат на децата значително се зголеми во последните две децении како светот стана урбана планета. Иако националните влади остануваат основни носители на должноста за остварување на правата на децата под меѓународното право, последниве години се забележува растечки тренд меѓу градоначалниците и локалните влади да поддржуваат и да зборуваат во прилог на најранливите групи во нивните општини, вклучувајќи ги децата и младите луѓе.

CFCI беше клучен во охрабрувањето на локалните влади и другите заинтересирани страни да обрнат поголемо внимание на исполнувањето на правата и потребите на нивните најмлади граѓани и обезбедување на нивното учество во локалното одлучување. Иницијативата функционира во повеќе од 3.000 градови и заедници низ светот и продолжува да се шири секоја година. Овој растечки интерес предизвика поголема потреба за засилено глобално упатство и техничка поддршка од УНИЦЕФ. Денес, CFCI опфаќа до 30 милиони деца во 38 земји. Во согласност со овој растечки интерес, барањата за поддршка, упатства, споделување на знаења и иновативни пристапи кон вклучување на децата се зголемуваат. Се надеваме дека и општините опфатени со проектот „Место за растење – општини посветени на децата" ќе се придружат на оваа благородна иницијатива.

Со повеќе од 20 години искуство со CFCI во различни регионални и национални контексти, УНИЦЕФ има забележано многу добри практики во различни земји во светот но и предизвици и лекции кои се научени и токму затоа топло го препорачуваме користењето на овој прирачник. Тој содржи чекор-по-чекор водич за воспоставување на CFCI, кој остава доволно простор за прилагодување во различни контексти. Прирачникот, исто така, претставува еден вид ревидиран план за дејствување и раководење при имплементацијата, мониторингот и евалуацијата, и сет на широки глобални минимални критериуми наменети за стандардизација на CFCI глобално како и обезбедување на основа за признавањето на општината како „Детски пријателски град" од УНИЦЕФ.

Како чекор кон исполнување на овие барања за упатство и поддршка, УНИЦЕФ во 2017 година го лансираше Прирачникот за иницијативи за градови пријатели на децата (Child Friendly Cities and Communities Initiative Toolkit for National Committees). Овој сет нуди тестирани алатки и добри практики од повеќе земји, како и чекор-по-чекор упатства за воспоставување на CFCI, рамка за акција и минимални критериуми за признавање од УНИЦЕФ како „Детски пријателски град", со цел професионализација и стандардизација на CFCI, без да ја исклучи флексибилноста во поглед на локалната контекстуализација.



## ЧЕКОРИ КОН УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНОТО СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ДЕТСКИТЕ ПРАВА

Потребата за зајакнување на услугите за децата на локално ниво беа адресирани и во последните Заклучни согледувања/препораки од Комитетот на ООН за правата на детето. Освен што недостига национален стратешки документ за унапредување и заштита на правата на децата, таков недостиг има и на локално ниво, односно ниту една општина нема локален акциски план за правата на децата. Недостигот на основни стратешки документи за унапредување на детските права укажува дека тие не се приоритет на јавните политики на локалните самоуправи. Проектот ги третира токму овие критични прашања и ќе им обезбеди на општините алатки за одржливост.

Една од најзначајните активности во рамките на проектот „Место за растење - општини посветени на децата" е формирање посебно тело, за правата на децата, т.н. општински панели за правата на децата. Тие треба да се зацврстат како постојана структура во локалната самоуправа преку која се промовира и практикува перспективата на детето во процесот на остварување на надлежностите на општината. За начинот на селекција на членовите на ова тело изготвена е следнава Методологија преку која се даваат насоки за процесот на избор.







## ОПШТИНСКИ ПАНЕЛИ И ДЕТСКО УЧЕСТВО

Воспоставување посебно тело ќе обезбеди структурирана и фокусирана работа поврзана со правата на децата и донесувањето на локалните стратешки планови. Ова тело ќе биде јадрото во кое ќе се слеваат сите податоци поврзани со применувањето на стандардите на Конвенцијата во рамките на општината. Во општинските панели ќе бидат концентрирани човечките ресурси, информации и знаења поврзани со правата на децата, кои ќе произлезат од овој проект но и надвор од истиот.

Постоењето на панелите ја изразува спремноста на општината да го издигне третманот на правата на децата на приоритетно ниво, и овозможува проблемите и потребите на децата да станат видливи и присутни во расправите на општината на организиран начин. Не помалку значајно е што со воспоставувањето на посебно тело се овозможува и препознавање кој е носител на активностите и одговорноста за придвижување на иницијативи и застапување на правата на децата. Во контекст на одржливоста, воспоставувањето на посебно тело дава гаранција за интересот и ангажманот на општината, обезбедува континуитет во плановите, програмите и активностите.

Општинските панели односно групата претставници од општинската администрација, советите на општините, претставниците на ЗЕЛС, децата, како и воспитно образовниот кадар од партнерските општини ќе претставуваат локално јадро на процесот на планирање на сите процеси и активности во општината што директно или индиректно ги засегаат децата. За таа цел, овие претставници во текот на првата година од проектот беа обучени во областа на детските права заради стекнување соодветни знаења и вештини. Обуките опфатија теми како на пример: општи концепти за правата на децата, градови посветени на децата, детското учество, што значи суштинско детско учество во средина што тоа го поттикнува и овозможува, кои се етичките аспекти на детското учество, кои се методите и техниките за вклучување и консултација на децата при различни процеси на носење одлуки, која е улогата на локалната самоуправа при процесот на локално планирање, како на пр. да се земат предвид правата на децата и слични теми. На обуките особено внимание беше посветено на прашањата за надлежностите на општината кои што се директно поврзани со остварувањето, унапредувањето, практикувањето и заштитата на правата на децата, и тоа во областите на: образованието; урбанизмот; заштитата на животната средина; социјалната заштита; здравствената заштита; културата; спортските активности и рекреација како и комуналната сфера.

Локалните панели ќе бидат главниот столб во процесот на носење локални стратегии за унапредување на правата на децата, следење на спроведувањето на стратегиите како и спроведувањето на натамошните активности поврзани со овој проект. Членовите на општинските панели исто така ќе имаат клучна улога во обезбедувањето/унапредувањето на механизмите и системот, во локалната заедница, во кои детето ќе учествува рамноправно и ќе се слуша и почитува неговиот глас, имајќи ги предвид принципите од Конвенцијата за правата на детето: опстанок и развој, најдобар интерес на детето, недискриминација и партиципација (детско учество).

## УЛОГА И ОБВРСКИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПАНЕЛИ ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И ДЕТСКОТО УЧЕСТВО

Како што е веќе споменато, улогата на оваа група/панел е од клучно значење во текот на целиот процес и во успехот на активностите во рамките на проектот зашто нивните капацитети и знаења во голема мера ќе ја насочат работата и процесот на подготовка на локалните стратегии и акциски планови за детските права и унапредување на концептот на детско учество во сите средини во кои децата се вклучени на локално ниво.

Ова тело ќе треба да оствари клучна улога и силно влијание во имплементирањето/обликувањето на локална средина/општина според потребите на децата и по завршувањето на проектот, да ја оствари самоодржливоста а тоа ќе го постигне доколку посвети внимание на повеќе прашања, меѓу кои и како се распределуваат средствата во општината (распределба на ресурсите); кое е нивото на свест за детските права и нивното практикување и остварување; колку се достапни основните услуги за децата и со кој квалитет истите се остваруваат; постои ли институционална и правна рамка за заштита на правата на децата; каква е состојбата кон одредени групи деца, има ли дискриминација; колку на децата им се обезбедува простор и можности да учествуваат во донесувањето на одлуките; кои се групите и индивидуите кои го овозможуваат остварувањето на правата на децата, дали постојат групи и индивидуи кои го спречуваат, оневозможуваат...

Членовите на панелите кои ќе бидат избрани, учествуваа на интензивни обуки за детски права и детско учество како и на меѓународната конференција која посебен акцент посвети на унапредувањето на правата на децата во три европски општини. Членовите на панелите активно ќе учествуваат во процесот на изготвување на локалните стратегии за детски права, ќе бидат активно вклучени во консултативниот процес со децата во текот на изготвувањето на стратегиите а потоа и при мониторирањето на процесот за спроведување.





## МАПИРАЊЕ ИЛИ ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПАНЕЛИТЕ ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И ДЕТСКОТО УЧЕСТВО

Во ова посебно тело/панелите важно е да учествуваат десетина активни лица, односно по неколку претставници/претставнички од самата општина, кои активно работат со деца и се значајни за интересите на децата и се во контакт со локалните институции: основни и средни училишта, градинки, центри за социјална работа, полиција, здравствени институции...како и претставници од самата општина од секторите за: образование, урбанизам, комунална дејност, финансии, животна средина.

Надлежностите на локалната самоуправа се директно поврзани со правата на детето, со нивната промоција, реализација, практикување и заштита. Сите сектори во општините имаат одредена поврзаност со детските права: урбанизам; заштита на животната средина и природата; комуналната сфера; образование; социјална заштита; здравствена заштита; култура, спортски активности и рекреација... Исто така, голем број од институциите во локалната заедница подразбираат и директна заштита на одредени аспекти од детските права: воспитно - образовните институции (основни и средни улишта, градинки), центри за социјална работа, здравствени институции, сектор за внатрешни работи, комунални претпријатија... Оттаму во панелите треба да членуваат мотивирани претставници од сите гореспоменати институции, вклучувајќи и други соодветни поединци, како на пр. овластениот просветен инспектор/ка на општината или државниот просветен инспектор (во општините каде што нема овластен просветен инспектор)...или претставници од Општинските совети за социјална заштита и сл.

На крајот но не помалку важно е учеството на самите деца во овие панели. Правото на детско учество, како што веќе е споменато на почетокот од ова писание е вградено во член 12 од Конвенцијата за правата на детето и се смета од клучна важност во градењето култура на демократија и активно граѓанство. Комитетот за правата на детето на ООН, објаснува дека концептот на детето како носител на права е „вграден во секојдневниот живот на детето, од најмала возраст" и дека не постои возрасно ограничување на правото на детето да ги изразува своите ставови за сите прашања што го засегаат.

Поттикнувањето на детското учество во локалното планирање и носење одлуки претставува и развивање поволна околина, меѓу другото преку подигнување на свеста на јавните службеници кои имаат влијание врз политиките на локалната самоуправа и кои се одговорни за спроведување програми за правото на детето да биде слушнато од најмала возраст, преку континуирано и интензивно градење на капацитетите на професионалците кои работат со деца, преку воспоставување структури за учество на децата и градење стратешки партнерства со широк опсег на локални чинители.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПАНЕЛИТЕ

Прво правило при воспоставувањето на панелите и изборот на неговите членови е дека лицата кои ќе ги сочинуваат истите треба да: се мотивирани да работат на прашања поврзани со децата, нивните права и детското учество; да ги разбираат целите на постоењето на панелите, да знаат што се очекува од нив и да знаат која е улогата на секој од нив; да бидат подготвени да ги застапуваат правата на децата, но и да знаат кои се потенцијалните ризици и предизвици.

Основни критериуми за избор на лицата се:

- да се вработени во некоја од горе наведените институции (општината, воспитно - образовни институции или други институции во рамките на општината а кои се од интерес за децата и нивната благосостојба);
- да се заинтересирани и мотивирани активно да учествуваат во проектот;
- со својот личен и институционален ангажман да придонесуваат кон остварување на целите на проектот;
- претходните учества и искуство во проекти, особено ако се поврзани со правата на детето, ќе се сметаат за предност;

Во панелите треба да се вклучат секако и деца со цел да се слушне нивното мислење, иако децата ќе бидат вклучени и во консултативните процеси, по 50 деца од секоја општина.







## УЛОГАТА НА ПАНЕЛИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ ЗА ДЕТСКИТЕ ПРАВА

По завршувањето на локалните конференции во петте општини на кои заедниците ќе бидат подетално информирани и за тековниот проект, ќе бидат формирани пет локални панели за правата на детето во секоја општина, кои ќе бидат носители на процесот на стратешкото планирање за правата на децата. По што, потоа следи и спроведување сеопфатен консултативен процес со децата, како дел од стратешкото планирање, со цел да бидат слушнати и земени предвид во локалното планирање и нивните мислења и потреби.
За да се добие што поверодостојна слика за состојбата со правата на детето на општинско ниво и да се поддржи процесот на креирање на локалните стратешки планови за правата на децата, беа организирани фокус групи и спроведени интервјуа а потоа изработена и анализа за состојбите во секоја од проектните општини. Истата ги евидентира и недостатоците во системот, причините и пречките кои го оневозможуваат целосното остварување на правата на детето на локално ниво. Затоа во овој проект ни е важна проактивноста на општините и членовите на панелите за да се лоцираат точно проблематичните сфери во остварувањето на правата на детето и истите да се апострофираат во Стратегијата за унапредување на правата на детето и акциските планови.

Развојот на локална стратегија за правата на децата со учество на самите деца и од децата како еден од клучните принципи, треба да го обезбеди нивното учество во прашања што ги засегаат, т.е. секоја активност што се однесува на децата треба да обезбеди начини за нивно вклучување. За таа цел, ќе бидат организирани консултативни средби со најмалку 50 деца во секоја од општините, при што ќе се користат разновидни методи и пристапи на консултација/истражување, вклучувајќи дискусии во фокус групи, работилнички пристап и користење алатки како што се: анкети, прашалници, дискусии во фокус групи, интервјуа, како и специјализирани методи за слушање на ставовите на децата, како што се, набљудување, структурирани активности и мултисензорни пристапи. Наодите ќе бидат претставени во извештаи и други форми според посакуваните средства за изразување на децата (на пр., постери, видеа, мапи, 3Д структури, фотографии).

Детската амбасада МЕЃАШИ и КМОП Скопје заедно со консултантот/ката за локално стратешко планирање ќе обезбедат најмалку три сесии за поддршка, за секоја општина вклучувајќи дефинирање на приоритетните области на дејствување во кои општината посакува да влијае; дефинирање на целите на локалната стратегија, развој на логички модел (структура на стратегијата); утврдување на активностите што би се преземале, очекуваните исходи и индикатори.

Локалните панели ќе бидат поддршка и за следните чекори во проектот како што е на пример воведувањето алатка за мониторирање на состојбата со детските права, односно изработка на интернет базирана платформа во која ќе бидат интегрирани индикаторите за почитување на правата на децата согласно стратешките планови во општините. Во тие рамки ќе се пилотира функционалноста на платформата, ќе се спроведат обуки на локалните корисници и официјално пуштање во употреба на платформата. Дополнително, ќе се подготви електронска библиотека во која ќе бидат поставени различни ресурси поврзани со правата на децата. Една од главните цели на овие активности е обезбедување транспарентност на имплементацијата и мерење на ефектите од имплементацијата на проектот „Место за растење: Општини посветени на децата" како и стремежот секоја од опфатените општини да стане Град/општина посветен/а на децата.

Општините/градовите/заедниците треба да се свесни дека „Град пријател на децата" е град или заедница каде децата:

- се безбедни и заштитени од експлоатација, насилство и злоупотреба;
- растат здрави и негувани;
- имаат пристап до основните услуги;
- имаат можност за квалитетно, инклузивно и партиципативно образование и развој на вештини;
- можат да ги изразат своите мислења и да влијаат врз одлуките што ги засегаат;
- учествуваат во семејниот, културниот, општествениот, градскиот живот, животот на заедницата;
- живеат во чиста, незагадена и безбедна средина со пристап до зелени површини;
- имаат можности за запознавање, дружење и места за играње и уживање;
- имаат фер шанси за живот без разлика на нивното етничко потекло, религија, приход, пол или способност.

Визијата на Иницијативата на УНИЦЕФ за градови пријатели на децата (CFCI) е секое дете и млад човек да ужива во своето детство и младост и да го достигне својот целосен потенцијал преку реализација на своите права во своите градови и заедници. Локалните влади и нивните партнери идентификуваат цели (резултати) во рамките на петте области на цели определени во рамковниот/акцискиот план за акција. Овој план се однесува на град или заедница со пријателско управување во кое децата се во центарот на вниманието и цели да ги достигне правата вградени во Конвенцијата за правата на детето.

**Целите кои треба да се имаат предвид и реализираат се:**

1. Секое дете, млад човек да е ценет/о, почитуван/о и третиран/о правично во рамките на заедницата и од локалните власти;
2. Секое дете, млад човек има свој глас, потреби и приоритети слушнати и земени предвид во јавните закони (доколку е применливо), политики, буџети, програми и одлуки кои влијаат на нив;
3. Секое дете, млад човек има пристап до квалитет на основните социјални услуги;
4. Секое дете, млад човек живее во безбедна, сигурна и чиста животна средина;
5. Секое дете, млад човек има можност да ужива семеен живот, игра и слободно време.

Долгорочната цел на CFCI е да обезбеди одржливи резултати за децата и ангажман за напредување на правата на децата преку изградба на капацитетите на локалните заинтересирани страни. Како таква, CFCI е процес кој се развива. Целта не е да се имплементираат сите пет цели во првиот циклус на CFCI, туку да се покажат солидни и прогресивни резултати и да се прошират целите во следните циклуси а тие вклучуваат здравствена заштита, образование, нутриционистичка поддршка, ран детски развој и образование, правда, социјална заштита.

Планот за акција за секоја национална CFCI (Child Friendly Cities Initiative) е различен бидејќи ја одразува локалната ситуација со правата на децата. Сепак УНИЦЕФ дефинира три глобални критериуми кои треба да бидат почитувани пред да биде доделено престижното признание **Град пријател на децата:**

1. Докажани резултати за децата во рамките на неколку целни области за да се осигура сеопфатен пристап кон правата на децата;
2. Значајно и инклузивно учество на децата (на пример, преку воспоставени механизми како што се совети на деца и млади и сите фази на циклусот на CFCI);
3. Докажана посветеност кон елиминирање на дискриминацијата на децата и младите луѓе во политиките и акциите на локалната влада, вклучително и во рамките на CFCI.

Специфичните обврски за исполнување на критериумите се детално опишани во Планот за акција на CFCI која воедно е и иницијатива на УНИЦЕФ.

Резултатите од анализата на ситуацијата која што беше направена во секоја од проектните општини на почетокот на проектот „Место за растење – општини посветени на децата" овозможуваат стартна основа за дефинирање на целите и визија за развојот на активностите на ниво на општина во рамките на акцијата CFCI.

Преточувањето на анализата на состојбата со детските права во Локална стратегија за децата/Акциски план, вклучува неколку чекори, како на пример формулирање на теоријата на промена, развивање логичка рамка со индикатори за следење на напредокот и влијанието, идентификување на улогите, одговорностите и роковите, како и активностите за обезбедување ресурси во Акцискиот план. Се препорачува планирањето на CFCI да се поврзе со постојното локално планирање, бидејќи интегрирањето на CFCI во постоечките планирачките структури ќе помогне да се обезбеди одржливост на иницијативата.

Како основа е користен прирачникот на УНИЦЕФ за градови и заедници пријатели на децата. Во истиот ќе најдете детални насоки. Доколку имате одредени прашања или потреба за поддршка, ве молиме слободно да не контактирате.

# АНЕКСИ

Прилог - образец покана за именување член во општинскиот панел

До: ___________________

**Предмет:** Покана за именување лице претставник на ________________во општинскиот панел за унапредување на правата на децата и детското учество во рамки на проектот „Место за растење: општини посветени на децата“

Почитувани,

Општина ________ како партнер на Првата детска амбасада во светот Меѓаши и Центарот за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје, спроведуваат проект финансиски поддржан од Делегацијата на Европската Унија во рамки на Програмата на Европскиот инструмент за демократија и човекови права. Проектот именуван „Место за растење: општини посветени на децата“, како што и самиот наслов кажува ќе резултира во повеќе значајни промени, вклучително и стратегија за правата на децата. Нашата општина се залага за обезбедување соодветни услови и средина која ќе ги промовира правата на децата, со надеж дека заложбите на сите нас заедно ќе не доближат до семејството на „градови по мерка на децата“.

При подготвување на стратешки долгорочни документи, од клучно значење е во процесот да бидат вклучени сите засегнати страни, што би претставувало солидна основа за спроведување на стратегиите. Именуваните членови на ова тело ќе бидат вклучени во сите активности во рамки на проектот, пред сè наменети за зајакнување на знаењата и вештините во областа на правата на детето и важноста на детското учество во локалните процеси.

Оттаму, ми претставува задоволство во име на општината, како и тимот на проектот да Ве поканам да се придружите во општинскиот панел назначувајќи Ваш претставник, од соодветното одделение. Планирано е првата средба на ова тело да се одржи на _____2024 година во просториите на ______________. За дополнителни информации и дневниот ред на средбата ќе го информираме лицето претставник на Вашата институција.

Се надевам на Ваш позитивен одговор и доколку е, Ве молам да не информирате за лицето и неговите/нејзините контакт детали најдоцна до _________ 2024 година на следната емаил адреса__________________или следниот телефон__________.

_______________2024 година, _____________

Со почит, _______________________________

# ЛИТЕРАТУРА

Според Извештај од анализата на потребите од обука, подготвен во рамките на проектот, иако има бројни ресурси на теми поврзани со правата на децата, спроведување истражувања и консултации со деца, детското учество и локалното планирање за деца, деск истражувањето покажа дека многу мал дел од нив се прилагодени на потребите на претставници на локалната самоуправа и воспитно-образовниот кадар. Во рамките на проектот успешно беа идентификувани повеќе јавно достапни и бесплатни публикации на македонски и англиски јазик кои вклучуваа различни образовни ресурси, како материјали кои се дизајнирани за активностите за градење капацитети што се спроведуваат во рамките на проектот, како и релевантни материјали произведени од други засегнати страни.

Овие ресурси ја сочинуваат електронската библиотека поставена на веб-страницата на проектот. Целта на е-библиотеката е да им обезбеди можности на локалните власти и образовниот кадар кои учествувале во активностите за градење капацитети да ги освежат или прошират своите знаења и вештини, а во исто време да ја поттикнат преносливоста и употребата на материјалите за обука од страна на актери кои не се директно вклучени во проектот.

За пристап до сите достапни ресурси во електронска форма, посетете ја веб-страницата www.placetogrow.mk/mk/е-библиотека.



| НАЗИВ АВТОР | ИЗДАВАЧ | ОПИС | ЈАЗИК |
|---|---|---|---|
| **ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: I ДЕТСКИ ПРАВА И ДЕТСКО УЧЕСТВО** | | | |
| Конвенција за правата на детето | УНИЦЕФ | Конвенцијата за правата на детето е меѓународен договор за човекови права што ги дефинира граѓанските, политичките, економските, социјалните, здравствените и културните права на детето.<br>Овој документ го содржи целосниот текст на Конвенцијата за правата на детето како што е усвоен на 20 ноември 1989, а стапи во сила на 2 септември 1990. | Македонски, англиски, албански |
| Генерален коментар бр.12 Правото на детето да биде слушнато | Комитет за правата на детето при ООН (2009) | Во овој генерален коментар Комитетот за правата на детето дава детално толкување на член 12 од Конвенцијата за правата на детето и дава насоки за негова примена во практика. | Англиски |
| Прирачник „Учество во демократија“ | Совет на Европа (2010) | Во овој прирачник наставниците можат да најдат корисни идеи и материјали со цел поттикнување на учениците од средно образование да ја зацврстат нивната улога како млади граѓани оспособени за учество во демократските процеси. Истиот содржи девет теми поделени во 3 дела: Учество во заедницата, Учество во политиката – разрешување конфликти и решавање проблеми и Учество во политиката - учество преку комуникација. | |
| Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта | Коалиција на младински организации СЕГА, Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука (2020) | Водичот содржи ресурси за градење капацитети и ефективна примена на детските права во образовниот систем.<br>Истиот е наменет за сите училишта, заедници на паралелки, ученички заедници и парламенти, одделенски раководители во основните училишта, како и за стручните служби, кои треба да бидат главните носители, поддржувачи и промотори на демократската партиципација на учениците во училиштето. | |
| Детско учество во демократско одлучување [Children's Participation in Democratic DecisionMaking] | Gerison Lansdown, UNICEF Innocenti Research Centre | Оваа публикација дава детален осврт на важноста на детското учество, го обработува членот 12 од Конвенцијата за правата на детето и содржи корисни студии на случај, практични примери и научени лекции за практикување на детското учество во донесување одлуки. | Англиски |
| Прирачник за детско учество [Child Participation Handbook] | International Falcon Movement –Socialist Educational International (2016) | Овој прирачник е поделен во три поглавја. Првото дава осврт на значењето на детското учество и вклучува примери за детско учество. | Англиски |
| **ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: II ИСТРАЖУВАЊЕ И КОНСУЛТАЦИИ СО ДЕЦА** | | | |
| Извештај за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром – од перспектива на децата | Прва детска амбасада во светот Меѓаши –Република Македонија (2021) | Извештајот содржи наоди од истражување за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром кои обезбедуваат увид во повеќе аспекти од животот на децата во општината, проблемите со кои децата се соочуваат и работите кои тие сметаат дека треба да се подобрат. Станува збор за истражување и извештај подготвени од страна на група деца, со соодветна менторска поддршка од возрасни и може да послужи како инспиративен пример за други општини. | |
| Етичко истражување кое вклучува деца [Ethical Research Involving Children (ERIC)] | Centre for Children and Young People at Southern Cross University, UNICEF's Office of Research, Innocenti | Оваа веб-страница, поддржана од УНИЦЕФ, содржи бројни материјали кои се однесуваат на клучни етички аспекти кои треба да се земат предвид во спроведување истражувања со и за деца, како и студии на случај и примери од различни држави. | Англиски |
| Деца и учество: Истражување, следење и евалуација со деца [Children and participation:Research, monitoring and evaluation with children] | Save the Children | Овој ресурс ја елаборира потребата вклучување на децата во спроведување истражувања на теми кои ги засегаат нив, презентира различни партиципативни техники и активности за детско учество и дава осврт на методите за вклучување на децата во различните фази од истражувачкиот процес. | Англиски |
| Насоки за истражување со деца и млади [Guidelines for Research with Children and Young People] | National Children's Bureau (2011) | Овие насоки се изработени со цел да ги поддржат сите истражувачи кои ја разгледуваат можноста за вклучување деца и млади во нивните истражувачки проекти. Тие вклучуваат практични совети за сите фази од истражувањето, вклучително и во изборот на методологијата, собирањето податоци и известувањето за направеното истражување, како и примери од веќе спроведени истражувања. | |

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: III ЛОКАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ДЕТСКИТЕ ПРАВА | | | |
|---|---|---|---|
| Прирачник за имплементација на Конвенцијата за правата на детето во единиците на локалната самоуправа | Центар за човекови права и разрешување конфликти, УНИЦЕФ (2012) | Во прирачникот се идентификувани чекори кои општините треба да ги преземат за да изградат локален систем посветен на остварување на права та на децата. Овие чекори вклучуваат: развој на структури, дефинирање на нормативни решенија и изградба на механизми, и спроведување на активности коишто треба да овозможат воведување на перспективата на детето во процесот на остварувањето на надлежностите на локалната самоуправа. | Македонски |
| Иницијатива за градови по мерка на децата [Child Friendly Cities Initiative] | УНИЦЕФ | На оваа официјална веб-страница на Иницијативата на УНИЦЕФ за градови по мерка на децата, може да се најдат мноштво материјали поврзани со овој концепт, вклучително и насоки, добри практики и научени лекции од градовите низ светот кои се дел од оваа иницијатива. | Англиски |
| Урбан95 [Urban95] | Бернард ван Леер Фондација | Оваа е официјална веб-страница на иницијативата Урбан95, предводена од страна на Фондацијата Бернард ван Леер. Станува збор за иницијатива за поддршка на локалните лидери, урбанисти и застапници за правата на децата низ светот во нивните напори за унапредување на условите во градовите и создавање средини поволни за целокупниот развој на бебињата и малите деца, чијшто глас ретко се зема предвид во локалното планирање. Веб-страницата содржи бројни прирачници, насоки и добри практики од различни држави кои учествуваат во оваа иницијатива. | |
| Прирачник за градови и заедници по мерка на децата [Child Friendly Cities and Communities Handbook] | УНИЦЕФ, 2018 | Овој прирачник детално ги објаснува сите чекори кои треба да ги преземат градовите и заедниците за да се стекнат со статус на град/заедница по мерка на децата. Истиот вклучува корисни документи и други материјали кои може да бидат соодветно прилагодени во различните контексти. | Англиски |
| Европска платформа за инвестирање во деца [European Platform for Investing in Children (EPIC)] | Европска комисија | Оваа платформа на Европската комисија преставува алатка за следење на политиките и активностите за унапредување на економската добросостојба на децата во државите од Европската Унија. Истата овозможува размена на искуства и практики засновани на докази и може да послужи како инспирација во воспоставувањето механизми за следење на спроведувањето на локалните стратегии за детски права. | Англиски |





## РЕФЕРЕНЦИИ

Convention on the Rights of the Child. (1989). New York: United Nations (UN).

Child Friendly Cities. Thivant, L., Mikkola, R., Gruszczynski, P., Franco, A., Anthony, D., & Burnheim, S. (2018). United Nations Children's Fund (UNICEF).

Child Friendly Cities and Communities Handbook, (2018). UNICEF

Извештај од анализата на потребите од обука, (2023) А.Петкова, КМОП Скопје В. Бојаџи, КМОП Скопје, Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Република Македонија и Центар за семејно и детско згрижување

**веб-страница**

www.placetogrow.mk

**е-пошта**

info@placetogrow.mk

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на партнерските организации и не нужно ги одразува ставовите и мислењата на Европската Унија.



Место за растење:
Општини посветени
на децата